# „,Заколнете се дека никого нема да го сметате за рамен на Аллах (нема да правите ширк) нема да крадете, нема да вршите прељуба

Убаде бин Самит, Аллах нека е задоволен со него – кој учествувал во битката кај Бедр и бил еден од дванаесеттемина што дале заклетва на верност во ноќта на Акаба – пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол, додека околу него стоела група асхаби: „,Заколнете се дека никого нема да го сметате за рамен на Аллах (нема да правите ширк) нема да крадете, нема да вршите прељуба, нема да ги убивате вашите деца, нема да измислувате клевети што ќе ги ширите со рацете и нозете (т.е. со збор и дело), и нема да бидете непослушни во она што е добро. Кој од вас ќе го исполни тоа – неговата награда е кај Аллах. А кој ќе направи нешто од тоа, па ќе биде казнет на овој свет – тоа ќе му биде искуп. А кој ќе направи нешто од тоа, па Аллах ќе му го покрие – неговиот случај е кај Аллах: ако сака, ќе му прости, а ако сака, ќе го казни.“ – Па сите му се заколнавме на тоа.

[صحيح] [متفق عليه]

Убада бин Самит, Аллах нека е задоволен со него – кој учествувал во големата битка кај Бедр, бил угледен меѓу својот народ и еден од оние што се заколнале за поддршка на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во ноќта на Акаба кај Мина – додека тој сè уште бил во Мека, пред хиџрата – раскажува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, седел меѓу неговите асхаби, побарал да му се заколнат дека ќе се држат со следниве работи: 1. Нема да Му припишуваат ништо како рамен на Аллах, па макар и нешто најмало. 2. Нема да крадат. 3. Нема да вршат прељуба. 4. Нема да ги убиваат децата – ниту синовите, од страв од сиромаштија, ниту ќерките, од страв од срам. 5. Нема да шират лаги и клевети што самите ги измислуваат – преку рацете и нозете, бидејќи токму преку нив најчесто се извршуваат делата, иако може да учествуваат и други делови од телото. 6. Нема да му бидат непослушни на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем,во она што е добро. Кој ќе се придржува кон ова и ќе остане на ветеното – неговата награда е кај Аллах. А кој направи нешто од тоа – освен ширкот – и биде казнет на дуњалукот, со извршување шеријатска казна врз него, таа казна ќе му биде искуп и гревот ќе му биде простен. А кој направи нешто од тоа, па Аллах го му покрие гревот – неговиот случај е кај Аллах: ако сака, ќе му прости, а ако сака, ќе го казни. Па сите присутни му дадоа збор дека ќе го почитуваат тоа.